и6201

Ср. 3

ДНЕВНИК, ПОНЕДЕЛНИК, 10 ЈАНУАРИ 2000 , 1146,

ПРЕДЛОГ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА УРБАНИЗАМ

# Претседателската резиденција ќе се гради на Скопската тврдина?

Новата претседателска резиденција ќе биде изградена на просторот на Скопската тврдина, дознава "Дневник" од извори во Министерството за урбанизам. Резиденцијалниот комплекс ќе биде лоциран на просторот од Француските гробишта кон касарната "Илинден".

Ова локација, според нашите информации, е предложена од Министерството за урбанизам како најсоодветна за престојувалиште на шефот на државата. Изградбата на резиденција ќе почне по добивањето согласност од Владата, како и од претседателот на државата, Борис Трајковски.

Според деталниот урбанистички план на Скопје, тој простор и инаку е наменет за изградба на дипломатски претставништва на странски држави во Македонија. Сега ќе биде потребна одредена измена во планот, со цел во него да се вгради и локација за престојувалиштето на шефот на државата. Се планира во резиденцијалниот простор да има и објекти за постојано живеење на неговото семејство.



„Соба" со поглед за највисоката функција: Скопската тврдина

Предлозите за таа цел да се преадаптира Музејот на современата уметност не се прифатени. Оваа идеја пред една година ја даде актуелниот претседател на Собранието на РМ, Саво Климовски.

(Б. Ѓ.)